**20192073258**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 3 октомври 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/19), точката 5 се менува и гласи:

„5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, во рок од 30 дена од завршувањето на своите програмски активности, а најдоцна до 30 јуни 2020 година, ќе доставaт извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.“

2. Во точка 6 зборовите „28 февруари“ се заменуваат со зборовите „31 јули“.

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-7503/1
3 октомври 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.